РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-715/5
17-12-2020 г.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 и 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава за корупција од подносителот ----- ------ --------- од ----------, Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на 42-та седница, продолжение–одржано на ден 14.12.2020 година донесе

**Одлука**

Постапката по предметот оформен по пријавата со бр. 12 - 715/1 од 31.01.2020 година доставена од подносителот ---------- ---------- од ----------, **СЕ ЗАПИРА.**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за натамошно постапување во предметот со број 12 – 715 од 2020 година оформен врз основа на пријавата бр. 12 - 715/1 од 31.01.2020 година.

Предметот со број 12 - 715 од 2019 година да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави Одлуката на ДКСК, со образложението.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Предметот со број 12 - 715 од 2020 година е оформен врз основа на пријава со бр. 12 - 715/1 од 31.01.2020 година доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК), од подносителот -- --------- ---------- од ----------.

Кон пријавата е доставено и дополнување на пријавата број 12-715/2 од 11.03.2020 година, во кое се наведени дополнителни информации во врска со предметните наводи.

Во доставената пријава и дополнувањето кон истата, изнесени се наводи за незадоволство од постапување на Судски совет на РСМ по претставка која подносителот ја поднел во месец јули 2019 година, а по која се уште нема добиено одговор.

При разгледувањето на предметниот случај, Државната комисија ги зема во предвид наводите на подносителот и го констатира следното:

- Доставената пријава всушност претставува поплака од Судскиот совет на РСМ до кој поднел претставка, подносителот на пријавата, во м. јули 2019 година а по која се уште немал добиено одговор па бара ДКСК да му помогне по овој основ.

- Во претставката поднесена до Судски совет, подносителот изразува незадоволство од постапувањето на Основен суд Кавадарци во судски спор воден по постапка за надомест на штета на лице кое се здобило со телесни повреди во сообраќајна незгода во 2007 година,а во која и тој бил учесник како замешува и лице кое требало да надомести штета. Подносителот наведува дека од страна на другиот учесник како повредено лице, било поднесено барање за надомест на штета од АД Осигурителна полиса но не му била исплатена штетата, па

тој на 09.04.2008 година поднел тужба против осигурителната компанија и врз основа на фалсификувана документација му биле констатирани тешки телесни повреди, а пресудата била донесена во негова корист и осигурителната куќа му ја исплатило штетата.

Против подносителот како инволвирана страна – учесник во случајот, а кој во тоа време бил малолетник , се водела кривична постапка и пред Основен суд Велес и на 24.04.2008 година било донесено решение за сторено кривично дело тешки дела против безбедноста во сообраќајот ..., а на подносителот -------- не вложил жалба. Откако била поведена постапка за надомест на штета во 2008 година од страна на другиот учесник како повредено лице и му било досуден надомест на штета, подносителот ----------- вложил жалби во граѓанска постапка кога одлуките биле донесени на негова штета а дури отпосле започнал и со поведување на кривични постапки з случајот.

Имено, подносителот поднел пријава до Народен правобранител, Министерство за здравство,(*кое ги проверило наводите и констатирало незаконитости*), а поднел и кривична пријава до ОЈО Кавадарци но три години по пријавениот настан, на 07.12.2010 година и по која од страна на одговорниот јавен обвинител било донесено решение на 13.12.2010 година со кое му била отфрлена пријавата бидејќи пријавените дела не биле кривични дела за кои се гони по службена должност. Подносителот вложил жалба и барал повторување на постапката и водел супсидијарна постапка во која Кривичниот совет при Основен суд Кавадарци ги одбил приговорите на обвинетите и се запрела кривичната постапка, а на 12.07.2011 година Апелациониот суд му ја отфрлил жалбата на подносителот --------- и ја потврдил пресудата на првостепениот суд. Дополнително, до ОЈО Кавадарци на 07.02.2011 година повторно била доставена истата кривична пријава, која била отфрлена бидејќи веќе било постапено по истата во 2010 година кога била донесена и одлука.

Незадоволен од постапувањето, подносителот се обратил и до Вишото јавно обвинителство Скопје кое постапило и извршило увид во предметот и доставило укажување со кое побарало ОЈО Кавадарци повторно да постапи и да преземе соодветни дејствија, по што било постапено и од првостепениот суд било побарано вештачење на медицинската документација за случајот која била приложена во судскиот спор. Вештачењето траело 15 месеци по вина на истражниот судија, а по пристигање на вештиот наод продолжила кривичната постапка и предметот бил вратен на повторно судење од 07.03.2013 година а истрагата во постапката била запрена на 15.05.201 година од Кривичниот суд по поднесени жалби од обвинетите. На ова било вложено жалба од ОЈО Кавадарци која била уважена и предметот бил вратен на повторно одлучување, а на ден 05.01.2018 од страна на Кривичниот суд било донесено Решение дека се запира кривичната постапка поради настапување на апсолутна застареност по однос на кривичното гонење, додека пак Апелациониот суд ја потврдил пресудата а во делот на трошоци ја укинал и ја вратил на повторна одлука.

Од страна на ЈО на РСМ на ден 18.09.2019, подносителот бил извесен дека постапиле по неговата претставка и жалби на донесеното решение, извршиле проверка и констатирале дека во случајот била донесена соодветна јавно обвинителска одлука.

Инаку, во 2015 година во врска со предметниот случај ОЈО Кавадарци поднел обвинителен акт против лекарски работници за сторено кривично дело фалсификување на службена исправа – медицинска документација за конкретниот случај, во периодот од 10.07.2007 до крајот на 2007 година и му овозможиле на лицето повредите да добијат класификација на тешки телесни повреди иако реално се работело за лесна телесна повреда а со што на повреденото лице му овозможиле во судска постапка да се стекне со поголема имотна корист. По однос на обвинителниот акт постапил Основниот сид во Кавадарци како надлежен првостепен кривичен суд и на 05.01.2018 година донел Решение со кое се запира кривичната постапка поради настанување на апсолутна застареност бидејќи било поминато двапати онолку време колку што според

Законот се бара за застареност на кривичното гонење ( *односно до крајот на 2017 година поминале 10 години од извршување на делото*). Оштетениот ---------- ---------- бил упатен на граѓанска парница, за остварување на имотно - правното побарување во предметната постапка.

Подносителот известува дека за овој случај тој неколкупати се обраќал до Судскиот совет, а последно од страна на Судски совет добил известување од 06.08.2019 дека по неговата претставка бил оформен предмет по кој постапката била во тек по однос на проверка на предметните наводи. Тој се сомнева дека во постапката биле направени суштествени повреди па бара сите институции до кои се обратил да постапат по овој случај и да извршат контрола на судот и на Судскиот совет кој не постапил во целост по неговиот предмет.

Заради целосно утврдување на фактичката состојба по отворениот предмет, ДКСК побара податоци и информации од Судскиот совет на Република Северна Македонија за тоа до каде е постапката по предметот оформен по претставката поднесена од подносителот на пријавата. Од Судскиот совет на Република Северна Македонија, на ден 04.12.2020 се известува дека лицето ----------- ----------, со претставка заведена под број ----/---, се обратил до Судскиот совет, за постапувањето на Основниот суд Кавадарци, а согласно своите законски утврдени надлежности, Судскиот совет постапил по претставката, ги преземал потребните дејствија за проверка на наводите изнесени во претставката и на седницата на Советот одржана на 26.02.2020 година ја разгледал претставката, за што на подносителот му било доставено известување УПП бр.-----/-- од 19.05.2020 година, кое го доставуваат во прилог на известувањето.

Врз основа на сето погоре констатирано, ДКСК утврди дека во предметната пријава станува збор за наводи по прашања кои не се предмет на нејзино надлежно постапување туку се работи за прашање поврзано со надлежно постапување на други надлежни органи, кои постапиле по истите и преземале дејствија согласно со своите законски надлежности. Со оглед на вака утврдената фактичка состојба, Државната комисија оцени дека нема елементи за натамошно постапување во предметниот случај а исто така ДКСК нема законска надлежност по однос на барањето на контрола на судот и на Судскиот совет; постапката по предметот се запира и предметот да се затвори и да се архивира.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Одлучено на ден 14 декември 2020 година под бр. 12- 715/5**

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Доставено до :

- Архива
- Подносителот

Изработил: Ј.Ц., Советник
Одобрил: Г.Т., Член на ДКСК